# П Р О С П Е К Т

## ЗА ПОНУДА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ
## НА
## Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица
## Скратен назив:
## ЕДИНСТВО АД Струмица

| | |
|---|---|
| БРОЈ НА АКЦИИ НА КОИ СЕ ОДНЕСУВА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ: | 7734 ОБИЧНИ АКЦИИ |
| ПОНУДЕНА ЦЕНА: | 80 ДЕНАРИ ПО АКЦИЈА |
| ВКУПЕН БРОЈ НА ОБИЧНИ АКЦИИ СО ПРАВО НА ГЛАС: | 40.397 |
| ВКУПНО ИЗДАДЕНИ АКЦИИ: | 40.397 |
| РОК ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ПОНУДАТА: | од 30.08.2023 година<br>до 26.09.2023 година |

**Изјава од Преземачот:**
**„Комисијата за хартии од вредност не одговара за веродостојноста, потполноста и точноста на податоците содржани во проспектот"**

**Преземач:**

**Сашко Кузманов** ________

Преземач:
Сашко Кузманов

**Содржина на проспектот :**


1. **ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕЗЕМАЧОТ**

2. **ОДГОВОРНИ ЛИЦА**
2.1. Податоци за лицата кои се одговорни за информациите содржани во проспектот
2.2. Изјава од лицата одговорни за изготвување на Проспектот
2.3. Изјава од лицата одговорни за изготвување на Проспектот

3. **ПОДАТОЦИ ЗА ОВЛАСТЕНОТО ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ ВО ИМЕ И ЗА СМЕТКА НА ПРЕЗЕМАЧОТ ЈА ДАВА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ**

4. **ПОДАТОЦИ ЗА ЦЕЛНОТО ДРУШТВО**
4.1. Фирма и седиште на целното друштво
4.2. Хартии од вредност на кои се однесува понудата за преземање

5. **ДЕТАЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ**
5.1. Услови под кои се спроведува понудата
5.1.1. Цената по која преземачот се обврзува да ги откупи хартиите од вредност
5.1.2. Начинот на утврдувањето на цената по која ќе се откупуваат хартиите од вредност
5.1.3. Датумот на започнување и датумот на завршување на рокот за прифаќање на понудата за преземање од страна на сопствениците на хартиите од вредност
5.1.4. Праг на успешност на понудата
5.1.5. Користење на правото на принудна продажба од член 63 од Законот за преземање на акционерските друштва
5.1.6. Трошоците што ќе им се наплатуваат на имателите на хартии од вредност што ќе ја прифатат понудата
5.2. Постапката за прифаќање на понудата
5.2.1. Детален опис на процедурата за прифаќање на понудата согласно член 38 од Законот за преземање на акционерските друштва
5.2.2. Податоци за начинот на депонирање на паричниот износ, односно банкарската гаранција
5.2.3. Податоци за рокот и начинот на плаќање на хартиите од вредност за кои е дадена понудата за преземање
5.2.4. Податоци за роковите и начинот на исполнување на обврските на преземачот кои ќе настанат со прифаќање на понудата за преземање
5.2.5. Детален опис на процедурата за исплата на парите по основ на прифаќање на понудата, односно издавање или предавање на хартиите од вредност за замена
5.3. Детален опис на условите за откажување на понудата за преземање
5.3.1. Услови под кои преземачот може да ја повлече понудата за преземање
5.3.2. Условите за откажување на прифаќањето на понудата од страна на сопственикот на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за преземање
5.4. Детален опис на условите за раскинување на понудата за преземање
5.5. Детален опис на условите за одложување на понудата за преземање
5.6 Други значајни информации во врска со понудата за преземање

6. **ДЕТАЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ЦЕЛНОТО ДРУШТВО И ЗА ХАРТИИТЕ ОД ВРЕДНОСТ НА КОИ СЕ ОДНЕСУВА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ**

6.1. Основни податоци за целното друштво

6.2. Основни податоци за хартиите од вредност на кои се однесува понудата за преземање

6.2.1 Поединечна и вкупна номинална вредност и број на издадени хартии од вредност, по видови и родови

6.2.2 Пазарот на кој се тргуваат овие хартии од вредност

6.2.3 Детални информации за тргувањето со хартиите од вредност по поединечни видови и родови издадени од целното друштво

6.2.4 Последната пресметана книговодствена вредност на хартиите од вредност, по родови

6.2.5 Исплатена дивиденда по акција за последните две години

6.3. Податоци за лицата кои дејствуваат заеднички со целното друштво и за начинот на нивното заедничко дејствување

6.3.1. Име и презиме односно назив, седиште и матичен број

6.3.2. Начин на нивното заедничко дејствување

6.4. Податоци за првите десет најголеми сопственици на хартии од вредност издадени од целното друштво

6.5. Ревидирани финансиски извештаи за последните две години изготвени согласно Меѓународните сметководствени стандарди и Меѓународните стандарди за финансиско известување и независно ревизорско мислење за последните две години изготвено согласно Меѓународните стандарди за ревизија

## 7. ДЕТАЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРЕЗЕМАЧОТ

7.1. Основни информации за преземачот

7.1.1. Назив, седиште и матичен број

7.1.2. Претежна дејност на преземачот

7.1.3. Основна главнина

7.1.4. Податоци за првите десет најголеми сопственици на акции со право на глас издадени од преземачот

7.1.5. Податоци за членовите на надзорниот одбор, управниот одбор/одбор на директори на преземачот

7.1.6. Доколку преземачот е дел од група (посложен деловен систем), краток опис на позицијата на преземачот во таа група

7.1.7. Податоци за друштвата во кои издавачот има мнозинско учество

7.2. Податоци за друштвата кои во врска со понудата за преземање дејствуваат во свое име и за сметка на преземачот

7.3. Податоци за лицата кои дејствуваат заеднички со преземачот и за начинот на нивното заедничко дејствување

7.3.1. Име и презиме односно назив, седиште и матичен број

7.3.2. Начин на нивното заедничко дејствување

7.4. Податоци за процентуалното учество и видот на хартиите од вредност, како и учеството во правата на глас кои преземачот и лицата кои дејствуваат заеднички при објавувањето на понудата за преземање веќе ги има во целното друштво

7.4.1. информации за бројот на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за преземање со кои преземачот се стекнал во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање

7.4.2. информации за бројот на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за преземање со кои лицата кои дејствуваат заеднички со преземачот се стекнале во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање

7.5. Финансиски извештаи за последните две години на преземачот, со наведување на мислењето од ревизорот или да се наведе дека истите не се ревидирани

7.6. Податоци за изворите на финансирање на понудата за преземање (дали понудата ќе се финансира од сопствените парични средства, преку кредит од банка или на друг начин) и за последиците од понудата на извештајот за финансиската состојба и извештајот за сеопфатната добивка на преземачот или на групата на која и припаѓа

7.7. Опис на некои значајни контакти, трансакции или преговори од страна на преземачот со целното друштво на кои се однесува понудата за преземање или со некои од акционерите на целното друштво

**8. ОЧЕКУВАНИ ИСХОДИ НА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ**

8.1. Цел на понудата за преземање

8.2. Намерата и плановите на преземачот во однос на идното работење на целното друштво, и ако понудата за преземање има влијание и во однос на идното работење на преземачот – правно лице

8.3. Деловната политика на целното друштво по преземањето

8.3.1. Планираниот начин на управување со целното друштво

8.3.2. Политика на преструктуирање на целното друштво

8.3.3. Политика на вработување

8.3.4. Податоци за стратешките планови на преземачот за целното друштво, вклучувајќи и податоци за можното влијание на вработувањето, дејноста што целното друштво ја врши, средствата на целното друштво и неговите идни обврска, како и седиштето на целното друштво

8.3.5. Распределба на добивката на целното друштво

8.3.6. Промени на статусот на целното друштво

**П Р О С П Е К Т**

1. **ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕЗЕМАЧОТ**

Сашко Кузманов, со адреса на ул. Крушевска Република бр.104, Струмица, Република Северна Македонија

**2. ОДГОВОРНИ ЛИЦА:**

2.1 Податоци за лицата кои се одговорни за информациите содржани во Проспектот:

Сашко Кузманов, Преземач

2.2 Изјава од лицата одговорни за изготвување на Проспектот:

"Според нашите уверувања и сознанија и согласно со податоците со кои располагаме, под морална, материјална и кривична одговорност изјавуваме дека во Проспектот се содржани сите податоци кои му се потребни на сопственикот на хартиите од вредност кои се предмет на понудата за преземање да донесе правилна одлука во врска со прифаќањето или неприфаќањето на понудата за преземање, дека објавените податоци се вистинити, потполни и точни и дека не се испуштени било какви податоци кои би можеле да имаат влијание на одлуката на сопственикот на хартии од вредност да ја прифати понудата за преземање или не".

**Сашко Кузманов** ____________

2.3 Изјава од лицата одговорни за изготвување на Проспектот:

„Понудата се однесува на сите акционери кои поседуваат хартии од вредност издадени од целното друштво ЕДИНСТВО АД Струмица и тоа 7734 обични акции. Преземачот се обврзува да ја купи секоја хартија од вредност во согласност со пропишаните и објавените услови."

**Сашко Кузманов** ____________

**3. ПОДАТОЦИ ЗА ОВЛАСТЕНОТО ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ ВО ИМЕ И ЗА СМЕТКА НА ПРЕЗЕМАЧОТ ЈА ДАВА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ**

3.1 Брокерска куќа ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје, со седиште на ул. Истарска бр. 33, 1000 Скопје, со ЕДБ: 4030998340846 и ЕМБС: 5223300.

**4. ПОДАТОЦИ ЗА ЦЕЛНОТО ДРУШТВО**

4.1 Фирма и седиште на целното друштво

Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица, со седиште на ул. Гоце Делчев бр.62, Струмица, регистрирано во Централниот регистар на

Република Северна Македонија со ЕДБ: МК4027966116650 и ЕМБС 4045637 (во понатамошниот текст: ЕДИНСТВО АД Струмица).

4.2 Хартии од вредност на кои се однесува понудата за преземање

*Вид и род:*

- обични акции со право на глас и

*Бројот на хартии од вредност на кои се однесува понудата за преземање:*

- 7734 обични акции со право на глас, издадени од ЕДИНСТВО АД Струмица, со ИСИН број: MKEDIN101016, кои претставуваат 19,14% од основната главнина на ЕДИНСТВО АД Струмица.

Преземачот, до денот на објавувањето на намерата за преземање, поседува 17232 обични акции односно 42,66% од основната главнина на ЕДИНСТВО АД Струмица. Преземачот, врз основа на член 5 став 1 точка 4 од Законот за преземање на акционерските друштва, дејствува заеднички со акционерот Иљо Кузманов, кој е семејно поврзан со Преземачот. Акционерот Иљо Кузманов поседува 15431 обични акции односно 38,20% од основната главнина на ЕДИНСТВО АД Струмица.

## 5. ДЕТАЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ

5.1 Услови под кои се спроведува понудата

5.1.1 Цената по која преземачот се обврзува да ги откупи хартиите од вредност

Преземачот се обврзува да ги откупи акциите на кои се однесува понудата за преземање по цена од 80,00 (осумдесет) денари по акција.

5.1.2 Начинот на утврдувањето на цената по која ќе се откупуваат хартиите од вредност

Преземачот се обврзува да ги откупи хартиите од вредност кои се предмет на понудата за преземање по цена од 80,00 денари за една акција.

Понудената цена од 80,00 денари за една акција е утврдена врз основа на највисоката цена по која Преземачот ги стекнал акциите, во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање и е повисока од просечната цена постигната на Македонската берза во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање.

5.1.3 Датумот на започнување и датумот на завршување на рокот за прифаќање на понудата за преземање од страна на сопствениците на хартиите од вредност

Рокот за прифаќање на понудата за преземање започнува да тече на денот на објавување на понудата за преземање и завршува 28 календарски денови по започнувањето на рокот за прифаќање на понудата за преземање.

Рокот за прифаќање на понудата за преземање започнува на 30.08.2023 година, а завршува на 26.09.2023 година.

5.1.4 Најмалата количина на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за преземање, која треба да биде прифатена за понудата за преземање да се смета за успешна (за секој вид и род на хартии од вредност поединечно), односно најнискиот процент од сите хартии од вредност на целното друштво кои преземачот, заедно со хартиите од вредност кои веќе ги поседува, треба да ги стекне врз основа на понудата за преземање за таа да биде успешна

Понудата за преземање се однесува на сите хартии од вредност определени во точка 4.2 став 2 од овој Проспект. Преземачот не утврдува праг на успешност, односно најмалата количина на хартии од вредност која треба да биде прифатена за понудата за преземање да се смета за успешна. Понудата ќе се смета за успешна без оглед на количината на хартии од вредност која ќе биде прифатена, освен во случаите предвидени во член 46 од Законот за преземање на акционерските друштва.

5.1.5 Доколку преземачот во постапката за преземање се стекне со најмалку 95% од хартиите од вредност на целното друштво, податок дали ќе го користи правото на принудна продажба од член 63 од Законот за преземање на акционерските друштва:

Доколку Преземачот во постапката за преземање се стекне со најмалку 95% од хартиите од вредност издадени од ЕДИНСТВО АД Струмица, тој има право да ги купи и хартиите од вредност на останатите акционери кои не ја прифатиле понудата за преземање.

Преземачот планира да го користи правото на принудна продажба под условите и на начин дефиниран во член 63 од Законот за преземање на акционерските друштва.

5.1.6 Трошоците што ќе им се наплатуваат на имателите на хартии од вредност што ќе ја прифатат понудата

На имателите на хартиите од вредност нема да им се наплатуваат трошоци за прифаќање на понудата, односно сите трошоци во врска со понудата за преземање ги сноси Преземачот.

5.2 Постапката за прифаќање на понудата

5.2.1 Детален опис на процедурата за прифаќање на понудата согласно член 38 од Законот за преземање на акционерските друштва

Понудата за преземање се прифаќа од страна на имателите на хартии од вредност издадени од ЕДИНСТВО АД Струмица со писмена изјава за прифаќање на понудата за преземање.

Изјавата за прифаќање на понудата ги содржи најмалку следните информации:

1) име и презиме, односно назив и седиште на имателот на хартии од вредност кој ја прифаќа понудата за преземање и единствен матичен број на имателот на хартиите од вредност;
2) изјава од имателот на хартиите од вредност за прифаќање на понудата за преземање, како и видот, родот и количината на хартиите од вредност, кои се предмет на таа изјава;
3) трансакциска сметка во банка на имателот на хартии од вредност на која се извршува исплатата врз основа на прифатената понуда;
4) овластување на Централниот депозитар за хартии од вредност за запишување забрана за располагање со хартиите од вредност и
5) своерачен потпис на имателот на хартии од вредност кој ја прифаќа понудата за преземање.

Изјавата за прифаќање на понудата се испраќа до Брокерската куќа ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје од точка 3 на овој Проспект, при што имателите на хартии од вредност издадени од ЕДИНСТВО АД Струмица ги резервираат хартии од вредност на посебна сметка во Централниот депозитар за хартии од вредност и не можат повеќе да располагаат со нив.

Имателите на хартии од вредност издадени од ЕДИНСТВО АД Струмица кои сакаат да ја прифатат понудата за преземање треба да испратат уредно пополнета и потпишна изјава за прифаќање на понудата, до Брокерската куќа ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје, најдоцна до истекот на рокот за прифаќање на понудата за преземање од точка 5.1.3., став 2 на овој Проспект.

Писмена изјава за прифаќање на понудата може да се потпише и во просториите на ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје, ул. Истарска бр.33, Скопје, од 30.08-2023 година до 26.09 2023 година, секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот.

Понудата за преземање се смета за прифатена со денот на резервирањето на хартиите од вредност на посебна сметка во Централниот депозитар за хартии од вредност.

Согласно член 39, став 3 од Законот за преземање на акционерските друштва, со резервирање на хартиите од вредност од страна на Централниот депозитар за хартии од вредност се смета дека:
1) е склучен договор меѓу прифаќачот на понудата за преземање во својство на продавач и Преземачите во својство на купувачи за продажба на хартиите од вредност кои се предмет на таа изјава по цена и под услови определени во понудата за преземање и
2) прифаќачот на понудата за преземање не може повеќе да располага со хартиите од вредност кои се предмет на изјавата за прифаќање на понудата за преземање.

5.2.2 Податоци за начинот на депонирање на паричниот износ, односно банкарската гаранција

Пред објавувањето на понудата за преземање, Преземачот на посебна сметка на Централниот депозитар за хартии од вредност депонираше средства потребни за

плаќање на сите хартии од вредност од точка 4.2 став 2 од овој Проспект, согласно член 34, став 1, од Законот за преземање на акционерските друштва.

5.2.3 Податоци за рокот и начинот на плаќање на хартиите од вредност за кои е дадена понудата за преземање

Ако понудата за преземање е успешна, Централниот депозитар за хартии од вредност е должен, во рок од 8 (осум) дена по приемот на решението од Комисијата за хартии од вредност со кое се утврдува успешноста на понудата за преземање, во име и за сметка на Преземачот, да ја исполни паричната обврска кон имателите на акции кои ја прифатиле понудата за преземање.

Во согласност со Договорот за вршење на услуги во постапката за преземање на акционерското друштво помеѓу Преземачот и Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје од бр. 08-2775/2 од 26.07.2023 година, Централниот депозитар за хартии од вредност е должен да ја изврши исплатата на парите по основ на прифаќање на понудата на сметката во деловната банка што акционерот кој ја прифатил понудата ја навел во писмената изјава за прифаќање на понудата за преземање.

5.2.4 Податоци за роковите и начинот на исполнување на обврските на преземачот кои ќе настанат со прифаќање на понудата за преземање

Преземачот е должен во рок од 3 (три) дена од истекот на рокот за прифаќање на понудата за преземање да објави известување во Службен весник на Р.С. Македонија и најмалку во еден дневен весник што редовно излегува на територијата на Р.С. Македонија за нејзиниот исход согласно член 47 од Законот за преземање на акционерските друштва, кое содржи податоци за вкупен број на лица кои ја прифатиле понудата, вкупна количина на хартии од вредност кои се предмет на прифатената понуда и процентуално учество на хартиите од вредност кои се предмет на прифатената понуда во вкупниот број на издадени хартии од вредност; изјава дека понудата е успешна, односно неуспешна и опис на причината за неуспех во случај кога се работи за неуспешна понуда за преземање.

Преземачот е должен во горенаведениот рок (три дена од истекот на рокот за прифаќање на понудата за преземање) да достави известување за исходот на понудата за преземање до Комисијата за хартии од вредност, Централниот депозитар за хартии од вредност и Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Доколку Преземачот во известувањето за исходот на понудата за преземање објави дека понудата за преземање е успешна, Преземачот е должен да ги откупи хартиите од вредност на сите акционери кои ја прифатиле понудата.

Доколку Преземачот во постапката за преземање се стекне со најмалку 95% од хартиите од вредност издадени од ЕДИНСТВО АД Струмица, тој има право да ги купи и хартиите од вредност на останатите акционери кои не ја прифатиле понудата за преземање согласно член 63 од Законот за преземање на акционерските друштва.

Доколку Преземачот во постапката за преземање се стекне со најмалку 95% од хартиите од вредност издадени од ЕДИНСТВО АД Струмица, тој има обврска да ги купи и хартиите од вредност на останатите акционери кои не ја прифатиле понудата за преземање, доколку акционерите кои не ја прифатиле понудата поднесат барање за принудно купување до Централниот депозитар за хартии од вредност, согласно член 64 од Законот за преземање на акционерските друштва.

5.2.5 Детален опис на процедурата за исплата на парите по основ на прифаќање на понудата

Плаќањето на паричните средства на сите иматели на хартии од вредност кои ќе ја прифатат оваа понуда ќе се врши во готово, на сметка во деловната банка за која имателите ќе го известат Централниот депозитар за хартии од вредност со изјавата за прифаќање на понудата за преземање. Централниот депозитар за хартии од вредност е должен, во рок од осум дена по приемот на решението од Комисијата за хартии од вредност со кое се утврдува успешноста на понудата за преземање, во име и за сметка на Преземачот, да ја исполни паричната обврска кон имателите на хартии од вредност кои ја прифатиле понудата за преземање.

Кога Централниот депозитар за хартии од вредност во име и за сметка на Преземачот во целост ќе ја исполни паричната обврска, Централниот депозитар ги пренесува хартиите од вредност од сметките на имателите кои ја прифатиле понудата за преземање, на сметката на Преземачот.

5.3 Детален опис на условите за откажување на понудата за преземање

5.3.1 Услови под кои преземачот може да ја повлече понудата за преземање

Доколку по објавувањето на понудата за преземање и до истекот на рокот за нејзино прифаќање друг преземач даде конкурентска понуда, Преземачот може да ја повлече понудата и да отстапи од договорите кои биле склучени со прифаќањето на оваа понуда, во согласност со член 45 од Законот за преземање на акционерските друштва.

Доколку Преземачот одлучи да ја повлече понудата за преземање, најдоцна во рок од еден работен ден ќе го објави повлекувањето на понудата за преземање. Повлекувањето има важност со денот на објавувањето. Истовремено со објавување на повлекувањето на понудата за преземање, Преземачот ќе ја извести Комисијата за хартии од вредност и Централниот депозитар за хартии од вредност. Со денот на објавување на повлекувањето на понудата за преземање, договорите склучени со прифаќање на повлечената понуда се сметаат за раскинати.

5.3.2 Условите за откажување на прифаќањето на понудата од страна на сопственикот на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за преземање

Во случај на конкурентска понуда за преземање, согласно член 43 од Законот за преземање на акционерските друштва, лицата кои до објавувањето на конкурентската понуда веќе ја прифатиле првата понуда за преземање со потпишување на изјавата од точка 5.2.1 од овој Проспект имаат право да отстапат од писмената изјава за нејзино прифаќање и да ја прифатат конкурентската понуда.

5.4 Детален опис на условите за раскинување на понудата за преземање, доколку понудата за преземање е дадена со услови за раскинување од член 17 од Законот за преземање на акционерските друштва

Понудата за преземање е дадена без услови за раскинување.

5.5 Детален опис на условите за одложување на понудата за преземање (условите за одложување мора да бидат во согласност со член 30 од Законот за преземање на акционерските друштва)

Крајниот рок за прифаќање на понудата за преземање и евентуалните конкурентски понуди е 60 дена од денот кога е објавена првата понуда за преземање.

Рокот за прифаќање на понудата за преземање се продолжува во следните случаи и за следниот број на денови, но најмногу до истекот на крајниот рок, ако:
1) Преземачот ја измени понудата за преземање согласно со членот 29 од од Законот за преземање на акционерските друштва, рокот за прифаќање на понудата за преземање се продолжува за седум дена; и
2) е дадена конкурентска понуда за преземање, рокот за прифаќање на понудата за преземање се продолжува до истекот на рокот за прифаќање на конкурентската понуда, доколку тој истекува подоцна, но не подолго од истекот на крајниот рок.

Преземачот е должнен да ја објави секоја промена на роковите за прифаќање на понудата за преземање.

5.6 Други значајни информации во врска со понудата за преземање

Преземачот Сашко Кузманов, пред да ја објави намерата за преземање изврши откуп на 15431 обични акции или 38,20 % од обичните акции со право на глас издадени од ЕДИНСТВО АД Струмица по цена од 80,00 денари по акција. Со купувањето на овие акции Преземачот го надмина прагот од 25% или повеќе од хартиите од вредност со право на глас за давање на задолжителна понуда за преземање на друштвото.

## 6. ДЕТАЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ЦЕЛНОТО ДРУШТВО И ЗА ХАРТИИТЕ ОД ВРЕДНОСТ НА КОИ СЕ ОДНЕСУВА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ

6.1 Основни податоци за целното друштво

Назив: ЕДИНСТВО АД конфекција и трикотажа - Струмица
Седиште: ул. Гоце Делчев бр.62, Струмица
ЕМБС: 4045637
ЕДБ: МК4027966116650

6.2 Основни податоци за хартиите од вредност на кои се однесува понудата за преземање

6.2.1 Поединечна и вкупна номинална вредност и број на издадени хартии од вредност, по видови и родови

Обични акции:

- Номинална вредност на една обична акција: 35,79 ЕУР;
- Вкупна номинална вредност: 1.445.808,63 ЕУР;
- Број на издадени обични акции: 40397.

6.2.2 Пазарот на кој се тргуваат овие хартии од вредност

Официјалнен пазар – Котација на акции на Македонска берза, потсегмент - Задолжителна котација - обични акции.

6.2.3 Детални информации за тргувањето со хартиите од вредност по поединечни видови и родови издадени од целното друштво

- графички приказ на дневната просечна цена на хартиите од вредност за последните шест месеци пред објавувањето на намерата за преземање (датумот е на x -оската, цената на y-оската);




- графички приказ на дневниот обем на тргување со хартиите од вредност за последните шест месеци пред објавувањето на намерата за преземање (датумот е на x -оската, цената на y -оската);




6.2.4 Последната пресметана книговодствена вредност на хартиите од вредност, по родови

- 2.551,13 денари за една акција (согласно податоците од Ревидираните консолидирани финансиски извештаи за 2022 година).

Ревидираните консолидирани финансиски извештаи на ЕДИНСТВО АД Струмица за 2022 година се достапни на СЕИ НЕТ интернет страната на Македонска берза АД Скопје, на следниот линк:
https://seinet.com.mk/Default.aspx?docID=64661

6.2.5 Исплатена дивиденда по акција за последните две години

- Дивиденда за 2021 година = 0 денари;
- Дивиденда за 2022 година = 0 денари.

6.3 Податоци за лицата кои дејствуваат заеднички со целното друштво и за начинот на нивното заедничко дејствување

Преземачот Сашко Кузманов е семејно поврзан со акционерот Иљо Кузманов од Струмица т.е. е негов син. Иљо Кузманов до денот на објавување на оваа понуда за преземање поседува 15431 обични акции во ЕДИНСТВО АД Струмица.

6.4 Податоци за првите десет најголеми сопственици на хартии од вредност издадени од целното друштво, согласно следната табела

| Име и презиме односно назив на акционерот | Број на хартии од вредност, по видови, родови и класи | Процент од вкупниот број на обични акции |
|---|---|---|
| 1. Сашко Кузманов | 17232 обични акции | 42,66 % |
| 2. Иљо Кузманов | 15431 обични акции | 38,20 % |

| | | |
|---|---|---|
| 3. Андон Мавров | 563 обични акции | 1,39 % |
| 4. Иван Пајванов | 286 обични акции | 0,71 % |
| 5. Марин Гриовски | 243 обични акции | 0,60 % |
| 6. Марјанка Џорлева | 233 обични акции | 0,58 % |
| 7. Трајко Ковачов | 215 обични акции | 0,53 % |
| 8. Ванчо Ташев | 209 обични акции | 0,52 % |
| 9. Љопче Динева | 200 обични акции | 0,50 % |
| 10. Марија Енимитева | 193 обични акции | 0,48 % |

6.5 Ревидирани финансиски извештаи за последните две години изготвени согласно Меѓународните сметководствени стандарди и Меѓународните стандарди за финансиско известување и независно ревизорско мислење за последните две години изготвено согласно Меѓународните стандарди за ревизија

Во продолжение се прикажани:

- Консолидираните финансиски извештаи за 2022 година на ЕДИНСТВО АД Струмица, ревидирани од Бенд ревизија и консалтинг ДОО, со седиште ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово, Р.С. Македонија и усвоени од Собранието на акционери на ЕДИНСТВО АД Струмица одржано на 10.06.2023 година, кои се преземени од интернет страната СЕИ Нет, на следниот линк: https://seinet.com.mk/Default.aspx?docID=64661

- Консолидираните финансиски извештаи за 2021 година, ревидирани од Бенд ревизија и консалтинг ДОО, со седиште ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово, Р.С. Македонија и усвоени од Собранието на акционери на ЕДИНСТВО АД Струмица, одржано на 26.12.2022 година, кои се преземени од интернет страната СЕИ Нет, на следниот линк: https://seinet.com.mk/Default.aspx?docID=61654

**А.Д ЕДИНСТВО** **Струмица**

**КОНСОЛИДИРАНИ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА 2022 ГОДИНА**
**И ИЗВЕШТАЈ НА РЕВИЗОРИТЕ**

**НА**

# ГРУПАТА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО КОНФЕКЦИЈА И ТРИКОТАЖА ЕДИНСТВО – СТРУМИЦА

**СОДРЖИНА:**


**ИЗВЕШТАЈ НА РЕВИЗОРИТЕ**

**КОНСОЛИДИРАНИ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ**

| | |
|---|---|
| Консолидиран извештај за сеопфатна добивка | 2022 година |
| Консолидиран извештај за финансиската состојба на ден 31.Декември | 2022 година |
| Консолидиран извештај за паричните текови за | 2022 година |
| Консолидиран извештај за промените на главнината за | 2022 година |
| Белешки кон консолидираните финансиските извештаи | 2022 година |
| Консолидирана годишна сметка за | 2022 година |
| Консолидиран годишен извештај за работењето за | 2022 година |


Мај 2023 година

**БЕНД РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ - ТЕТОВО**

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail:revizija@bend.com.mk

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА АД ЕДИНСТВО Струмица**

**Извештај за консолидираните финансиските извештаи**

На Ваше барање извршивме ревизија на приложените консолидирани финансиски извештаи на Групата на која носител е АД Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица, а учесници се Едистил ДООЕЛ Струмица и Едитекс ДООЕЛ Струмица кои што ги вклучуваат консолидиран извештај за финансиската состојба заклучно со 31 декември 2022, како и консолидиран извештај за сеопфатна добивка, консолидиран извештај за промени во главнината и консолидиран извештај за парични текови за годината која завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

**Одговорност на раководството за финансиските извештаи**

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република С. Македонија, и за интерната контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

**Одговорност на ревизорот**

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на ревизија спроведена во согласност со Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија прифатени и објавени во Службен Весник на Република С. Македонија (79/2010).
Заради прашањата опишани во пасусот Основа за воздржување од мислење, ние не бевме во можност да прибавиме достатни и соодветни ревизорски докази како основа за мислење за ревизијата.

**Основа за воздржување од мислење**

Како што е наведено во белешка 17 кон финансиските извештаи, со состојба на 31 декември 2022, Друштвото има евидентирано недвижности (земјиште и градежни објекти) со нето сметководствена вредност во износ од 156,896 илјади денари. Согласно прифатената сметководствена политика наведена кон белешка 3.4.1.1 од финансиските извештаи Друштвото недвижностите ги евидентира по ревалоризираната вредност, која ја претставува нивната објективна вредност на датумот на ревалоризација намалена за последователната акумулирана депрецијација и последователните акумулирани загуби поради обезвреднување. Последна проценка друштвото евидентирало во 2012 година.

Согласно сметководствените стандарди прифатени во РСМ ревалоризациите треба да се прават со достатна редовност за да осигураат дека сметководствената вредност материјално не се разликува од онаа која би била утврдена користејќи ја објективната вредност на крајот на периодот за известување. Друштвото во своите финаниски извештаи нема евидентирано ефекти од повторна проценка на недвижности што е спротивно на прифатените сметководствени политики, нити има пресметано амортизација на вкупните нетековни средства. Ние не бевме во можност да стекнеме разумно уверување за објективната вредност на недвижностите, како и евентуалните ефекти кои би произлегле од промената на објективната вредност на истите врз ревалоризационите резерви како и ефектите на трошоците на амортизација на недвижностите и опремата и на останатите елементи на финансиските извештаи за годината што заврши на 31 Декември 2022 година и не изразуваме мислење за истите.

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА АД ЕДИНСТВО Струмица-продолжение**

Понатаму, ние бевме назначени за ревизори на компанијата по 31 декември, 2022 година и не бевме во можност да го набљудуваме физичкиот попис на залихите на почетокот и на крајот на 2022 година. Ние не бевме во состојба да се увериме во однос на количествата на залихата на 31 декември 2021 и 2022 година со користење на други ревизорски постапки. Поради ова, ние не бевме во состојба да утврдиме дали би биле потребни корекции во однос на евидентирани или неевидентирани залихи и елементите кои се составен дел на билансот на успех, извештајот за промени во главнината и извештајот за паричните текови.

**Воздржување од мислење**

Поради значењето на прашањата објаснети во пасусот Основа за воздржување од мислење, ние не бевме во можност да прибавиме достатни и соодветни ревизорски докази како основа за мислење за ревизијата. Следствено, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи.

**Обрнување на внимание**

Како што е наведено во белешка 3,18 финансиските извештаи се изготвени врз основа на претпоставката за континуитет во работењето односно дека друштвото ќе продолжи да работи во догледна иднина. Друштвото нема намера, ниту потреба да го ликвидира или материјално да го ограничи опсегот на своето работење.

Друштвото на датумот на билансот на состојба има искажано пренесени загуби во износ од 28,548 илјади денари, тековните обврски во износ од 85,996 илјади денари ги надминуваат тековните средства кои изнесуваат 12,982 илјади денари. Во иднина се очекува зголемување на обемот на работа со поддршка на мнозинските акционери на друштвото и продолжување на својата дејност согласно со принципот на континуитет.

Овие финансиски извештаи не ги земаат во предвид корекциите и рекласификациите на евидентираните износи на средствата и обврските што би биле неопходни доколку Друштвото не би продолжило со своите деловни активности во неограничена иднина.

Нашето мислење не е модифицувано во однос на ова прашање.

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail:revizija@bend.com.mk

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА АД ЕДИНСТВО Струмица - продолжение**

**Извештај за други правни и регулаторни барања**

Менаџментот на Групата е исто така одговорен за подготвување на консолидираниот годишен извештај за работа во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва

Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да изразиме мислење во врска со конзистентноста на консолидираниот годишен извештај за работа на групата со консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиските извештаи. Нашата работа во однос на консолидираниот годишен извештај за работа е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во консолидираниот годишен извештај за работа се конзистентни со консолидираната годишна сметка и консолидираните ревидирани финансиски извештаи.

Финансиските информации во консолидираниот годишен извештај за работа се конзистентни, во сите материјални аспекти, со консолидираната годишна сметка и ревидираните консолидирани финансиски извештаи на Групата чиј носител е АД Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица за годината што заврши на 31 декември 2022 година.

Тетово 26.05.2023

